| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Пролет во овошната градина |
| **Содржина на денот** | Расцутено дрво |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Снежана Цветковска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на знаења за тоа кои места се опасни, кое однесување е опасно и што треба да се прави во таков случај. Оспособување на детето да биде внимателно. |
| **Активност** | Преку прошетки со детето во блиската околина, набљудувајте ја природата и дрвјата кои веќе почнаа да расцутуваат. Објаснете му дека ваквата промена на растенијата се случува во пролет. Неколку мали гранчиња понесете дома и внимателно погледнете ги цветовите и штотуку излезените листови. Опишете ја формата и бојата, како и нивната распореденост на гранките.<br>За да го расположите и поттикнете фантазијата и желбата за сликање, пуштете му ја песната „Пролетна песничка",од Супер ѕвезда 2013 год.<br>https://www.youtube.com/watch?v=Eylbmh4CLLM<br>Потоа заедно со детето сликајте расцутено дрво со четка и темперни бои. Објаснете му ја постапката на миење на четката, секогаш кога се бои со различна боја. Цртежите изложете ги на омиленото место во домот.<br>Со детето може да продолжите да правите цветови од хартија. Се што ви треба се ножички и хартија во боја. Најпрвин исечете квадрати, на пример 15 cm X 15cm (слика бр.1), потоа превиткајте ги на половина (слика бр.2), па повторно на половина (слика бр3). Потоа превиткајте ги во триаголна форма (слика бр.4) и на истата таа нацртајте форма на ливче (слика бр.5) по која што потоа ќе сечете (слика бр.6). Добиеното парче хартија (слика бр.7) отворете го и веќе имате форма на цвет (слика бр.8).Можете да го погледнете и видеото.<br>https://www.youtube.com/watch?v=eUy_spCLhts |